Ep.-Nr. 08-105/4
28.07.2026 god.-vili

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 66 седница одржана на 03.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Безбедност", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Факултет за безбедност - Скопје при Универзитет "Св. Климент Охридски„ - Битола

1.Се акредитира студиската програма „Безбедност", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Факултет за безбедност - Скопје при Универзитет "Св. Климент Охридски„ - Битола согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и стручен назив: Специјалист по безбедност/ во меѓународен промет, стручен назив: Specialist in Security. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно - истражувачко поле: 5.09 Други општествени науки, 5.09.02 Безбедност; Научна - стручна или уметничка област: 5.09.02.01 – Криминалистички науки, 5.09.02.02 – Полициски науки, 5.09.02.03 – Безбедносни науки, 5.09.02.04 Криминологија, 5.09.02.05 Методологија на истражување на криминалитетот и безбедносните појави, 5.09.02.06 Приватна и корпоративна безбедност, 5.09.02.07 Интегрална безбедност, 5.09.02.08 – Меѓународна безбедност, 5.09.02.09 – Дипломатија и безбедност, 5.09.02.10 Геополитика, 5.09.02.11 Безбедносен менаџмент, 5.09.02.12 Менаџирање на ризици, 5.09.02.13 Друго

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 30 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 14-1489/5-2 од 26.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Безбедност", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), Факултет за безбедност - Скопје при Универзитет "Св. Климент Охридски„ - Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-96/2 од 20.01.2026 година (наш бр. 08 – 105/1 од 22.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 47-та седницата одржана на 29.01.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 105/3 од 03.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков